# СЕМИНАР ЗА ЗАТВОРСКИ ПЕРСОНАЛ

## „ТРЕТМАН И ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ШТО КОРИСТАТ ДРОГИ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ"

Управата за извршување на санкциите во соработка со Министерство за здравство, Проектна единица за имплементација на Програмите од Глобалниот фонд, во Хотел Континентал на 11 и 12 декември 2014 година организираше дводневен семинар со наслов: Третман и психосоцијална поддршка на осудени лица што користат дроги во казнено-поправни установи.

На семинарот учествуваа триесет претставници од секторот за ресоцијализација од кои во најголем број беа вработените од Казнено-поправен дом Идризово, додека останатите учесници беа од Затвор Скопје.

Учесниците имаа можност да се запознаат со природата на болестите на зависност, како и можните начини за третирање на зависноста. Посебно значење се даде на стекнување на вештините на персоналот за советување во третманот на осудените лица корисници на droги, како и вовед во неколку концепти од когнитивно-бихејвиоралната терапија.